# ОПШТИНА РАДОВИШ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 26-1073/2
28 07 20 21 год
Радовиш

## ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТ ОД С.РАКЛИШ ДО РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1310 СО КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА, ОПШТИНА РАДОВИШ

Проектната програма треба да овозможи изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пат од с.Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш** и истиот треба да биде изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 32/20) и Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20).

Постапка за изготвување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пат од с.Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш**, е покрената по иницијатива на Општина Радовиш.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план го опфаќа подрачјето на село Раклиш, каде е планирана изградбата на патот со комунална инфраструктура со намена Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури.

За подрачјето кое е предмет на овој урбанистички проект не постои урбанистичко планска документација, истото е опфатена со Просторен план на Република Македонија (Службен весник на Р.Македонија бр. 39/04) за која ќе бидат/се прибавени Услови за планирање на просторот од страна на Агенција за Планирање на Просторот.

Согласно нашето барање потребни ни се следните услови за изградба:

**<u>Услови за изградба:</u>**
**Локација:** с.Раклиш, Општина Радовиш
**Намена**: Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
**Површина на проектен опфат:** 0,26ха
**Должина на пат:** 495м'

Градоначалник

Герасим Конзулов